Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Inspektorati shtetëror I mjedisit jetësor

ИП1бр.29-208

Датум 03.03.2026 година

Државниот Инспекторат за животна средина преку Вера Љатева , со службена легитимација бр. 06 0016 ,донесува Решение врз основа на член 68став2 од Закон за инспекциски надзор(СлВесник бр 135/2025и269/2025) и член 232 став 2 од Закон за води, ( Сл.весник на Р.М.бр 81/08 ,151/2021и 03/2025), над работењето на ДППУ АЛТЕРА ФУДС Гевгелија Гевгелија со седиште на Индустриска 2а Гевгелија со ЕМБС : 7341296 ЕДБ: 4006019514784 ) застапувано од Ирина Занова-Управител , а во врска со фактичка состојба утврдена со Записник за извршен инспекциски надзор број ИП1 29-208 од 23.02.2026год го донесе следното :

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА Алтера ФУДС Гевгелија** Гевгелија приемот на решението , да ги превземе следниве мерки за отстранување недостатоците утврдени со записник со број ИП1 29-208од23.02.2026 и тоа:

1. До Министерството за животна средина и просторно планирање Управа за животна средина--Сектор води да поднесе Барање за добивање Дозвола за користење на вода за стопанско технолошки потреби конзервирање овошје и зеленчук.(член26и28 од Закон за води)
Рок: 90(деведесет )дена.

2.Да достави Известување до МЖСПП -Сектор води за копање бунар-бушотина од отпочнување со копање-бушење. (член 29,201и202 од Закон за води)
Рок: 30(триесет )дена.

3.Да постави мерен уред на бунарот –сопствено подземно водно тело за мерење на количини потрошена вода. (член154 од Закон за води)
Рок:90(деведесет)дена.

4.Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1,2и3 на оваа решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка ,а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта v.ljateva@sei.gov.mk да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

5.Жалбата против оваа решение не го одлага неговото извршување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Направен е Редовен иинспекциски надзор во правниот субјект АЛТЕРА ФУДС Кој се занимава со дејност конзервирање на овошје и зелнчук.За дејноста која обавуваат поседуваат Елаборат за заштита на животната средина и истиот е одобрен од Општина Гевгелија.Решение се одобрува со број УП1 бр11-22од 01.02.2024год.За потребите при производство користат вода од ЈКП Комуналец Гевгелија но и од сопствени подземни води. Има еден постоечки и еден што имат направено пробно бушење но сопственикот на правниот субјект изјави дека се покажало нема доволно вода.Од тие

причини се со намера да копат на друга локација.При увидот се достави фактури од ЈКП Комуналец Гевгелија за потрошена вода за 06,07,08,09,10,и11 2025година.Немат доставено Барање за користење вода за постоечкиот бунар и Известување за копање нов бунар до Општина Гевгелија и МЖСПП . На бунарот кој постоечки не е поставено мерен уред и не може да се утврди количество на потрошена вода. Од сето погоре наведено е спротивно на член 28 став1 точка 2алинеа 3 ,член29,,150,154,201и202од Законот за водите (Сл.весник на Р.М. бр87/08,6/09,16/09,51/11,44/12,163/13,180/14 , 146/15и 52/16). Согласно овластувањето дадено во член 232 став 2точкабод Законот за водите (Сл.весник на Р.М. бр87/08,6/09,16/09,51/11,44/12,163/131,80/14 , 146/15и 52/16), се донесе одлука како во диспозитивот. Доколку во предвидениот рок не се постапи по Решението Државниот Инспектор за животна средина ке поднесе барање за поведување прекршочна постапка согласно член 243став 3 од Законот за води (Сл.весник на Р.М. бр87/08,6/09,16/09 ,44/12,123/12...52/16и215/21).

Жалбата изјавена против оваа Решение не го одлага неговото извршување согласно член 240 став3и4 од Закон за води (Сл.весник на Р.М. бр87/08,6/09,16/09,51/11,44/12,163/13,180/2014146/15,52/16, 215/21..3/25).

Врз основа на горе изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекцисик акт.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против инспекцискиот акт од член 68 ставови (1) и (2) од овој закон, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на инспекцискиот акт, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.За жалбата се плаќа административна . За жалабата се плаќа административна такса 250,00 денари, на жиро сметка 100-0000000630-95, 840-115-03128, приходна шифра 722315 и програма 00.

Државен инспектор
за животна средина
Вера Љатева

Службена легитимација бр. 06 0016

Доставено до:
-Архива
-Алтера фудс Гевгелија

Државен инспекторат за животна средина
Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror I mjedisit jetësor

Ул.„Бихаќка“ бр.2, 1000 Скопје
Палата„Емануел Чучков“,5-ти спрат,
Република Северна Македонија
Rr. “Bihaqka” nr.2 1000 Shkup
Pallati “Emanuel Cuckov” kati i 5

info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk